## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК



| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **06.06.2019 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 6 – 2019 год.** |



ЈУНИ 2019

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 46 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.4/17-пречистен текст), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 03.06.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на приоритет за изградба на инфраструктурен објект за фекална канализација со прочистителна станица во село Суви дол - Општина Македонски Брод**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод согласно Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2019 година дава приоритет за изградба на инфраструктурен објект за фекална канализација со прочистителна станица во село Суви дол - Општина Македонски Брод.

**Член 2**

Со оваа одлука се дава подршка на проектна апликација по „Отворен повик за предлози за локални инфраструктурни проекти“ за имплементација на проектот „Нордиска подршка за напредок на Република Северна Македонија“ при канцеларијата за проектни услуги на Обединетите нации (УНОПС).

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

**Бр.18- 500/ 3**
**03.06.2019 год.**
**Мак.Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за утврдување на приоритет за изградба на инфраструктурен објект за фекална канализација со прочистителна станица во село Суви дол - Општина Македонски Брод**

Се објавува Одлука за утврдување на приоритет за изградба на инфраструктурен објект за фекална канализација со прочистителна станица во село Суви дол - Општина Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 03.06.2019 година.

**Бр. 08 - 500/6**

**06.06.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) и член 1,2,3,4 и 5 од Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на RM“ бр.193/16) и член 43 точка 7 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03 .... 4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 23-та седница одржана на ден 03.06.2019 год. донесе:

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
## ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2019 ГОДИНА

**1**.Во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општината Македонски Брод за 2019 година, бр.18-474/9 од 23.05.2019 година донесена од страна на Советот на општина Македонски Брод, објавена во („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.5/2019) година во точка:

**3.ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМЕНОСТ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ ОД ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА.**

**Повисок степен (прва зона)**

Во оваа зона се опфатени локации-градежно земјиште на улиците:
- ул.„Маршал Тито“, ул. „Партизанска“ и дел од ул.„Димитар Влахов“ (објекти заклучно со градски пазар и полициска станица) во Македонски Брод и
-Градежното земјиште предвидено за викенд зони определено со урбанистички планови на територијата на Општината.

**Се менува и гласи:**

Во оваа зона се опфатени локации-градежно земјиште на улиците:

-ул.„Маршал Тито“, ул. „Партизанска“ и дел од ул.„Димитар Влахов“ (крак кон Ловен дом заклучно со КП бр.3982, ГП 1.23 и крак кон полициска станица заклучно со КП бр.3971. ГП 1.32, Објект на Фондот за здравствено и пензиско осигурување) во Македонски Брод и

-Градежното земјиште предвидено за викенд зони определено со урбанистички планови на територијата на Општината и

**4.6.Надоместок за уредување за изградба на обновливи извори на енергија**

Инвеститорите кои ќе градат објекти за обновливи извори на енергија - фотоволтаични централи и ветерници со капацитет до 1MW во урбаното подрачје согласно Урбанистички план вон населено место или Локална урбанистичко планска документација во општина Македонски Брод, ќе плаќаат надоместок за заедничко инвестирање во комунална инфраструктура во износ од 2% од Основниот степен за деловни објекти (1.200,00 ден/м$^2$) по м$^2$ од површината за градење.

**Се менува и гласи:**

Инвеститорите кои ќе градат објекти за обновливи извори на енергија - фотоволтаични централи и ветерници со капацитет до 1MW во урбаното подрачје согласно Урбанистички план вон населено место или Локална урбанистичко планска документација во општина Македонски Брод,

ќе плаќаат надоместок за заедничко инвестирање во комунална инфраструктура во износ од 28 денари/м2 од површината за изградба на фотонапонски електроцентрали и 1.200.000 денари за секоја единица (турбина) ветерни електроцентрали.

**2**.Останатите одредби од Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општината Македонски Брод за 2019 година, бр.18-474/9 од 23.05.2019 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод, останувааат непроменети.

**3**.Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр. 18-500/4
03.06.2019 год.
Македонски Брод

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина М.Брод
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општината Македонски Брод за 2019 година**

Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општината Македонски Брод за 2019 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 03.06.2019 година.

**Бр. 08 - 500/6**

**06.06.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...4/17 пречистен текст), а согласно член 30 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2019 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/18) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица бр.18-372/8 донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод од 30.03.2018 година, по доставено барање од Новески Десимир бр.18-508/1 од 03.06.2019 година, Советот на општина Македонски Брод на 23 седницата одржана на ден 03.06.2019 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

**како еднократен надоместок по барања**

**од физички лица – Десимир Новески**

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 03.06.2019 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок и тоа како следи на:

- Десимир Новески му се одобрува еднократен надоместок во износ од 6.000,00 денари како помош за лекување

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2019 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, категорија 46 субвенции и трансфери, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 500/5**

**03.06.2019 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Решенеие за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања**

**од физички лица за лицето Десимир Новески**

Се објавува Решенеие за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за лицето Десимир Новески, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на седницата одржана на ден 03.06.2019 година.

**Бр. 08 - 500/5**

**06.06.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

**Службен гласник број 6 од 06.06.2019 година на Совет на општина Македонски Брод**

## С О Д Р Ж И Н А

Одлука за утврдување на приоритет за изградба на инфраструктурен објект за фекална канализација со прочистителна станица во село Суви дол - Општина Македонски Брод ............................................................................................................................ стр. 2

Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на приоритет за изградба на инфраструктурен објект за фекална канализација со прочистителна станица во село Суви дол - Општина Македонски Брод ................................................................................ стр. 3

Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општината Македонски Брод за 2019 година ..................... стр. 4

Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општината Македонски Брод за 2019 година ..................................................................................................................... стр. 6

Решенеие за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица - Десимир Новески ............ стр. 7

Заклучок за објавување Решенеие за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица - Десимир Новески ....................................................................................................... стр. 8